# З А П И С Н И К

## од Вториот состанок во 2015 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 18.02.2015 година со почеток во 10:30 часот

Вториот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 18.02.2015 година со почеток во 10:30 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

| Р.Бр. | Име и презиме | Позиција |
|---|---|---|
| 1 | Гордана Клинчарова | Претседател на Комисијата |
| 2 | Горан Велинов | Член на Комисијата |
| 3 | Петар Есмеров | Член на Комисијата |
| 4 | Славе Веловски | Член на Комисијата |
| 5 | Газменд Ајдини | Член на Комисијата |
| 6 | Роберт Орданоски | Директор на Агенцијата за електронски комуникации |
| 7 | Владимир Ристевски | Советник на директорот за информатички технологии |
| 8 | Владимир Велкоски | Раководител на Секторот за финансии и сметководство |

Состанокот се одржа според следниот дневен ред:

| Р.Бр. | Точка на дневниот ред | Дискусија и заклучоци |
|---|---|---|
| 1 | Усвојување на Записникот од Првиот состанок за 2015 година, на Комисијата на АЕК одржан на 10.02.2015 година и усвојување на предлог дневниот ред за Вториот состанок за 2015 година на Комисијата на АЕК. | Од страна на Комисијата беше усвоен Записникот од Првиот состанок на Комисијата на АЕК за 2015 година одржан на 10.02.2015 и дневниот ред за Вториот состанок за 2015 година на Комисијата на АЕК. |
| 2 | Усвојување на Правилник за внатрешна организација на Агенцијата за електронски комуникации | Од страна на директорот на Агенцијата беше образложено дека е потребно да се направи измена на Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за електронски комуникации, заради усогласување со Законот за административни службеници. Беше |

Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk
www.aek.mk

| | | |
|---|---|---|
| | | образложено дека предложениот Правилник е изработен според Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор донесен од страна на Министерството за информатичко општество и администрација. Во прилог на Правилникот е даден и графички приказ на внатрешната организација односно органограм. Потоа директорот го презентираше органограмот на внатрешната организација со објаснување на надлежностите на сите организациски единици опфатени во организацијата. По презентацијата на директорот Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации едногласно го усвои Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за електронски комуникации. |
| 3 | Усвојување на Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за електронски комуникации. | Во согласност со Правилникот за внатрешна организација, од страна на директорот на Агенцијата беше доставен и предлог на Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации. Правилникот беше изработен исто така во согласност со Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор донесен од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и уредбата за опис и попис на работните места на административните службеници и вработените во јавниот сектор. Директорот го образложи предлогот на Правилникот со кој се утврдени 150 работни места во стручната служба распоредени според нивоа утврдени во Законот за административни службеници. По образложението дадено од страна на директорот, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации едногласно го усвои Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации. |


Кеј Димитар Влахов број 21тел.: 02 32 89 200
1000 Скопје факс: 02 32 24 611
Република Македонија е-пошта: contact@aec.mk

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Разгледување на Нацрт извештајот за ревизија на успешност од страна на државниот завод за ревизија. | Комисијата на Агенцијата го разгледа Нацрт извештајот за ревизија на успешност од страна на државниот завод за ревизија и ја задолжи стручната служба да подготви одговор на забелешките дадени во овој нацрт извештај. |
| 5 | Разно. | По оваа точка од дневниот ред не беше отворена дискусија. |

Состанокот заврши во 12:45 часот.

| Р.Бр. | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| 1 | Гордана Клинчарова | |
| 2 | Петар Есмеров | |
| 3 | Горан Велинов | |
| 4 | Славе Веловски | |
| 5 | Газменд Ајдини | |

Наш број ____________

Скопје ______________


Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk